

**ИСЕЛЕНИЧКАТА ФОНДАЦИЈА „ПЕТАР СТАМАТОВ“ НА УКИМ**

***Биографските податоци за донаторот на фондацијата “Петар Стаматов”, при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, доблесниот иселеник од Македонија, Петар Стаматов, ги дознавме од документот што тој самиот го напишал на македонски јазик, во септември 1988 година и го испратил до неговиот внук Проф. Методија Трајковски.***

Во документот, меѓу другото, се вели дека Петар Стаматов бил роден во 1897 година во револуционерното и живописно село Смилево – Битолско (денес административно припаѓа на општина Демир Хисар). Уште како дете на претшколска возраст, Петар се соочил со тежок и суров живот. Но, најстрашно било во бурните времиња на Македонија кога Османлиите го запалиле Смилево.

Тогаш, неговата мајка (маќеја) Панка ги грабнала двете дечиња; неговата сестричка Христина ја дигнала на раце на левата страна, а него го водела со десната рака. Потоа во голема паника со другите смилевчани, кои панично бегале, успеале да влезат во шумата, оставајќи го селото во пламен.

Петар пишува дека Македонците го слават Илинден еднаш во годината, а тој го славел секој ден. Неговите спомени од бегството од Смилево, преку смилевските ливади и по долот на Сува Река, се’ до влегувањето во шумата оставиле лузни и останале вечни во неговото сеќавање. Сликите што ги видел со своите очи за убиените мажи и жени не

исчезнале низ целиот негов живот.

Во тие бурни моменти во Смилево и во цела Македонија, по неколкуте дена престој во шумата, мајка му ги однела во Битола во куќата на дедо му Петре. За жал, веднаш по Илинденското востание неговата мајка се разболела и починала. За Петар и за неговата сестричка Христина, која сакала да ја викаат Ристана, настапиле уште поголеми потреси и жални моменти за изгубената мајка.

Со цел да ги згрижи своите деца, неговиот татко Тасе по подолг период се преженил за Фанка. За жал, лошото не сакало да ги напушти. Имено, и маќеата не живеела долго, се разболела и починала.



*Семејството Стаматови*

Петар и Ристана повторно останале сираци, но овој пат и без мајка и без маќеја. Двете дечиња се нашле во рацете на најблиските роднини. Грижата за нив ја презеле сестрите на татко му, тетките Доста (Доља) и Митра. Двете тетки се менувале на една недела да им месат леб. Петар пишува дека се сеќава како се радувал кога ќе дојдела тетка му Доста да меси леб, затоа што таа месела многу повкусен леб од тетка му Митра.

Петар живо се сеќавал за своето детство. Се сеќавал кога почнал да оди на училиште во Битола, но раскажувал и за животот кој продожил да тече  без топлина, без родителска љубов.

Интересно е да се спомене дека Петар во својата биографија пишува дека се сеќавал за моментот кога ја видел кометата во 1910 година, која се појавувала после изминат период од 76 години. По негова оценка кометата била толку голема, што кога била над

Солун, нејзината опашка била до Црна Гора (детска фантазија – велел Петар). Тогаш тој си посакал желба повторно да ја види кометата во неговиот живот, и навистина таа желба му се остварила во 1986 година.

Неговите сеќавања од училиштето во Битола ги опишува многу детално. Учествувал на пречекот на султанот. Сите ученици биле наредени на главната улица на Битола - "Широк Сокак", облечени во униформи, и кога султанот поминал пред нив, го поздравувале пожелувајќи му здравје и долг живот.

Старите Турчинки го сметале како лош знак настанот кога султанот ја обиколувал земјата. Така и се случило. По неколку седмици завладеала колерата и изумреле многу луѓе.

Петар не пропуштал да каже и за уриетот кога и христијаните имале голема веселба прогласувајќи еднаквост со Османлиите. Ги пречекале комитите во Девејани. Во пречекот на комитите, меѓу народот имало и многу Турци кои се поздравувале и срдечно се бакнувале со комитите. Потоа, за кусо време ги безоружале комитите и тие исчезнале како и уриетот. Тој се сеќавал и за периодот 1912 година, кога почнала Балканската војна, по што Македонија била поделена помеѓу балканските држави и кога состојбата за живеење станала од лоша полоша. Настапила крза и голем број од македонското население почнало да емигрира во соседните балкански држави.


www.stara-sofia.co
АПТЕКА
Sofia rue Alabinska



Пишува: СЛАВЕ КАТИН